ОПШТИНА БОСИЛОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
БР.10-984/3
Од 04.06.2021год.
БОСИЛОВО

Градоначалникот на Општина Босилово, решавајќи по барањето на Друштво за производство,трговија и инженеринг ВЕКТОР 90 Томе дооел Струмица, поднесено под број 10-984/1 од 26.05.2021 година, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 44 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/2020), го издава следното:

РЕШЕНИЕ

Се одобрува Проектна програма,со технички број 054-1512/2020 од април декември 2020година изработена од Друштво за производство,трговија и инженеринг ВЕКТОР 90 Томе дооел Струмица за изработка на проектна програма за изработка на Урбанистичкиот Проект со план за градба вон опфат на урбанистички план,со намена Г5 Земјоделско и сточарско производство(Г5.5 Складиште за земјоделски производи) на КП бр.3506 КО Иловица-в.г.р,Општина Босилово..

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за производство,трговија и инженеринг ВЕКТОР 90 Томе дооел Струмица, поднесе барање за одобрување на Проектна програма,со технички број 054-1512/2020од декември 2020 година изработена од Друштво за производство,трговија и инженеринг ВЕКТОР 90 Томе дооел Струмица за изработка на проектна програма за изработка на Урбанистичкиот Проект со план за градба вон опфат на урбанистички план,со намена Г5 Земјоделско и сточарско производство(Г5.5 Складиште за земјоделски производи) на КП бр.3506 КО Иловица-в.г.р,Општина Босилово.
Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма

2. Барање

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Босилово, со Решение бр. 09-1704/1 од 14.11.2017 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Проектната програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог одобрување со бр. 10-984/3 од 04.06.2021 година.

Градоначалникот на општината Босилово по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/2020год). Врз основа на тоа, а согласно член 44 од Законот за просторно и урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

---

ОПШТИНА БОСИЛОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
ЗОРАН ЗИМБАКОВ